**ДП 371/13**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нуман Лимани од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-1903/7 од 18.06.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Ч. Л. лично, по одржан претрес, на ден 29.11.2013 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршителот Ч. Л. именуван за подрачјето на Основниот суд Г. и Основниот суд К.со адреса на ул. М. Ч. Ф. бр._ Г.

ЗАТОА ШТО:

Извршителот во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување 2012 година и 2013 година не ги завел превземените дејствија што е спротивно на член 45 ст. 1 од Законот за извршување ( “Службен весник на Република Македонија” бр.35/05,50/06,129/06,8/08,83/09,50/10, 83/10,88/10,171/10 и 148/11) и членовите 2 и 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување ( “Службен Весник на Република Македонија” бр.117/05).

со кои дејствија извршителот Ч. Л. од Г. сторил дисциплинска повреда по чл.54- г став 1 алинеја 4 “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките “ од Законот за извррпување.

па со примена на правилата на казненото право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната и врз основа на чл.54-а став 1 точка а) од Законот за извршување му се изрекува дисиплинска мерка

## ЈАВНА ОПОМЕНА

Ова Решение за дисциплинската мерка јавна опомена да се стави на огласна табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-1903/7 од 18.06.2013 е поднесен од страна на Министерството за правда на РМ против извршителот Ч. Л. од Г. врз основа на Извештај за редовен надзор врз работата на извршителот УПП.бр.09-1903/6 од 11.06.2013 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 27.05.2013 година.

Предлогот е со наводи дека извршителот Ч. Л. од Г. во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2012 година и 2013 година не ги завел превземените дејствија, предлагачот смета дека на овој начин извршителот постапил спротивно на чл.45 ст. 1 од Законот за извршување и членовите 2 и 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување со кои дејствија извршителот се товари дека сторил дисциплинска

повреда по чл.54- г став 1 алинеја 4 "неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките " од Законот за извршување.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по чл.54 – г став 1 алинеја 4 "неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките " од Законот за извршување па предлга Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител Ч. Л. од Г. да му изрече соодветна казна согласно одредбите од ЗИ.

Извршителот во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес одржан на ден 29.11.2013 година наведе дека невнесувањето на извршните дејствија во уписникот за примени барања за извршување е од причина што станувало збор за поголема група барања за извршувања од доверители и тоа во последниот уписник за 2012 година 10 предмети биле од доверителот Н. Б. за О., 54 предмети биле од доверителот М. Т. АД С., 48 предмети биле од доверителот О. С. Г., 24 предмети биле од доверителот Ф. за з. О. на РМ, 9 предмети биле од доверител ЈП В. и к. додека пак во последниот уписник од 2013 година 57 предмети биле од доверителот Ф.за з. О.на РМ, 25 предмети биле од доверителот М. Т. АД С., 17 предмети биле од доверителот Т- М. М. АД С., 13 предмети биле од доверителот АД Е. О., 12 предмети биле од доверителот Е. М. ДОО С. како и други поединечни предмети од правни и физички лица во двата уписника за кои согласно Правилникот за Тарифа за награда на извршителите чл.4 не била наплатена цена на администрирање а согласно истиот член извршителот ја наплатува цената администрирање пред да започне со извршни дејствија, а со оглед на фактот дека цената на извршување не била платена извршителот не можел да превземе одредени извршни дејствија за истите да ги внесе.

Понатаму, извршителот наведе дека откако бил извршен редовен надзор од страна на овластени лица од Министерството за правда на РМ, фактичката состојба во двата уписника била променета односно во истите уписници биле заведени сите извршни дејствија во предметите за кои доверителите постапиле согласно чл.4 од Тарифата за награда и други трошоци за работата на извршителите.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 29.11.2013 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

- Извештај УПП.бр.09-1903/7 од 11.06.2013 година на Министерството за правда.

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда и одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот во својата канцеларија води Уписник за примени барања за извршување кој ги содржи потребните рубрики утврдени во чл.5 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување.Во Уписникот за примени барања за извршување во делот со наслов БАРАЊЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ се внесуваат бројот на предметот, датумот, часот, вредноста на предметот и цената за администрирање. Извршителот броевите на предметот ги заведува во уписникот по редоследот на прием на предметите.

Во делот од Уписникот со наслов ДОВЕРИТЕЛ извршителот ги заведува име и презиме на доверителот, адреса на живеалиште/престојувалиште/седиште, ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонент и сметка.

Во делот на Уписникот со наслов ДОЛЖНИК извршителот ги заведува име и презиме на должникот, адреса на живеалиште/престојувалиште/седиште, ЕМБГ/ЕМБС, банка на депонент и сметка.
Во Уписникот извршителот уредно ги заведува во длот со наслов ИЗВРШНА ИСПРАВА**,** бројот на предмет на извршната исправа, органот кој ја донел, датум на кој станала извршна и видот на побарување во однос на тоа дали се однесува на парично или непарично побарување.

Во делот на Уписникот со наслов СПИСИ во рубриката движење нема внесувано податоци, во рубриката чување извршителот нема внесувано податоци.

Во делот на Уписникот со наслов ДРУГИ ПОДАТОЦИ извршителот нема внесувано податоци.

Во делот на Уписникот за примени барања за извршување со наслов Превземени Дејствија извршителот на десната страна нема внесувано податоци односно превземените дејствија не се заведени во уписникот и тоа во последната книга од Уписникот за 2012 година и Уписникот за 2013 година преземените дејствија не се заведени.

Извршителот во поглед на делот на обврската за водење на евиденција во електронска форма, се утврди дека ги скенирал само примените барања за извршување и извршните исправи додека пак превземените дејствија од извршувањето по повод предметното извршување, како што се изготвените налози за извршување, изготвените записници и други акти извршителот не ги скенирал.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка утврди дека извршителот Ч. Л. од Г. сторил дисциплинска повреда по чл.54- г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките “, на начин што не ги евидентирал во соодветните рубрики во Уписникот за примени барања за извршување за 2012 и 2013 година податоците за превземените дејствија што е спротивно на чл.45 ст. 1 од Законот за извршување и членовите 2 и 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Комисјата е на мислење дека извршителот со ваквиот начин на постапување во канцеларијата со евиденцијата која е должен да ја води го сторил делото кое му се става на товар по чл. 54- г став 1 алинеја 4 “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките “ од Законот за извршување. Имено, во конкретниот случај од изведените докази како неспорно произлегува посебно од Извештајот за извршен надзор дека извршителот во Уписникот за 2012 и 2013 година не ги заведувал превземните дејствија како што се изготвените акти на извршителот- налози, записници и други акти, со што ДК смета дека извршителот ја сторил повредата која му се става на товар од чл. 54- г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување. Ова од причина што согласно чл.45 ст. 1 од ЗИ децидно е определено дека извршителот е должен да води евиденција за примените барања за извршување кои ги прима со што извршителот постапил спротивно на чл.2 и чл. 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување. Тоа значи дека во Уписник за примени барања се содржани рубрики кои извршителот е должен да ги пополни со сите податоци кои ги бара Правилникот и самиот Уписник, уште повеќе што се работи за поголем број на предмети и подолг период од 2012 и 2013 година.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а посебно околноста дека невнесувањето на извршните дејствија во уписникот за примени барања за извршување е поради фактот што станувало збор за поголема група барања за извршување од доверители за кои не била наплатена цена на администирањеод страна на доверителите, но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија.

Дициплинската комисија при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, особено олеснителната околност дека извршителот не е претходно дисциплински кануван и против него не се води постапка за друга дисциплинска повреда како и олеснителната околност дека констатираните неправилности по спроведување на надзорот се отстранети, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и дека станува збор за поголем број на предмети и за подолг временски период и тоа 2012 и 2013 година за кои не се наведени податоци за превземените дејствија па во склоп на истите и со примена на правилата на казненото право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната ја одмери дисциплинската мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини, Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 29.11.2013 година согласно чл. 59, чл. 54-а став 1 т. а), чл. 59-б став 1 и чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

**Претседател на Дисциплинска Комисија,**
Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот на одлуката

**Дн:** Министерство за правда
Извршител Ч. Л. Г.
Архива